**Уп. бр. 08-75/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од МОТОР ОИЛ (ХЕЛАС) КОРИНТ РАФИНЕРИИ С.А. (MOTOR OIL (HELLAS) CORINTH REFINERIES S.A.), со регистрирано седиште на 12А Ироду, Атику, 151 24 Мароуси, Атика, Грција, доставено преку Јане Илијески, адвокат од Адвокатско друштво ЌОКУ и ПАРТНЕРИ од Скопје, на седницата одржана на ден 20.05.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која МОТОР ОИЛ (ХЕЛАС) КОРИНТ РАФИНЕРИИ С.А. (MOTOR OIL (HELLAS) CORINTH REFINERIES S.A.), со регистрирано седиште на 12А Ироду, Атику, 151 24 Мароуси, Атика, Грција, има намера да стекне самостојна контрола над АТЛАНТИС С.А. (ATLANTIS S.A.), со регистрирано седиште на 6$^{ти}$ кеј во пристаништето во Солун, Грција, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 20.04.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на МОТОР ОИЛ (ХЕЛАС) КОРИНТ РАФИНЕРИИ С.А. (MOTOR OIL (HELLAS) CORINTH REFINERIES S.A.),со регистрирано седиште на 12А Ироду, Атику, 151 24 Мароуси, Атика, Грција, со која МОТОР ОИЛ (ХЕЛАС) КОРИНТ РАФИНЕРИИ С.А. има намера да стекне единствената контрола над АТЛАНТИС С.А.

(ATLANTIS S.A.), со регистрирано седиште на 6ти кеј во пристаништето во Солун, Грција, по пат на стекнување на 70% од вкупно издадената и запишана основна главнина на Целното друштво, по зголемување на основната главнина.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**МОТОР ОИЛ (ХЕЛАС) КОРИНТ РАФИНЕРИИ С.А.** е владејачко друштво на друштвата од Мотор Оил групацијата на друштва („Мотор Оил Групација“) и е активно, директно или индиректно, преку своите зависни друштва, во следните области:

- рафинирање (примарно на сирова) нафта и производство на нафтени производи (за греење, автомобилска, поморска индустрија), и други нафтени производи (базни масла, мазива, битумен, течен нафтен гас (LPG), авионско гориво (jet fuel), мазут, и бензин) и хемиски производи;
- трговија на големо и мало со нафтени производи во Грција и во странство;
- управување и работа со нафтени објекти;
- управување на системот за снабдување и складирање на гориво за авиони на меѓународниот аеродром во Атина „Елефтериос Венизелос“;
- производство и снабдување со електрична енергија;
- увоз и снабдување со природен гас; и
- радио и телевизиско емитување.

МОТОР ОИЛ (ХЕЛАС) КОРИНТ РАФИНЕРИИ С.А. има регистрирано присуство во Северна Македонија преку неговите индиректни зависни друштва:

- КОРАЛ-ФУЕЛС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Димитрие Чуповски бр. 4-2/3, Скопје – Центар, Центар, Република Северна Македонија, со регистрирана приоритетна дејност 47.300 – продажба на мало на горива и мазива, и
- МОТОР ОИЛ РЕЊУАБЛ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Георги Димитров бр. 13/1-3, Кисела Вода, Скопје, Република Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 35.150 – Трговија со електрична енергија.

**АТЛАНТИС С.А.** е грчко друштво основано во 1993 година, кое е активно на пазарите за битумен и гориво. Главно, Атлантис е активен во следните деловни активности:

- продажба на големо на стандарден битумен;
- развој, производство и продажба на големо на модифицирани полимери и модифициран битумен;
- продажба на големо на индустриски горива, горива за греење и горива за транспорт;
- продажба на производи за хидроизолација (заптивни средства) за згради, тунели и градежништво.

АТЛАНТИС С.А. нема зависни друштва регистрирани во Северна Македонија, но има остварено приход на пазарот на Северна Македонија со преку продажба на големо на стандарден битумен на локални трговци (препродавачи).

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 7 од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**